# АДИНГКОЛОР Ф

*Акрилатна боја за завршна обработка на бетонски и фасадни надворешни ѕидни површини*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За декоративна и заштитна завршна обработка на бетонски, малтерисани или глетувани надворешни ѕидни површини. Се користи и при санација и обнова на фасади на стари објекти. Употребата на Адингколор Ф, овозможува заштита на обработените површини од атмосферски влијанија и го спречува површинското оштетување на подлогата, со што се добива долготрајна и стабилна декоративна заштита на фасадата.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен;
- водонепропусен;
- паропропусен;
- отпорен и постојан на атмосферски влијанија;
- отпорен на суво и мокро триење;
- одлична покривност;
- одлична атхезија за подлогата;
- UV стабилен;
- лесен за изведба;
- економичен;
- се тонира во различни бои.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,5-1,55 g/cm³ |
| Време на сушење при 20˚C | - | површински на допир ~3h |
| релативна влажност од 65% | | целосно сушење на слој 4-6h |
| Сјај | - | мат |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена, без лабилни позиции. Новите вградени малтери, како и фасадните глет маси, при нормални услови, на релативно суво време и температура од 20°C, потребно е да созреат најмалку 1ден за секој mm од дебелината.
Новите бетонски подлоги треба бидат стари најмалку 28 дена од вградувањето.
Кај подлогите, кои имаат постоечки премаз, потребно е да се отстранат сите лабилни позиции, како и постоечките премази, особено тие, кои се растворливи во вода.
Фасадната обработка од Адингколор Ф е премаз, кој колоритно ќе ја покрие ѕидната површина и истовремено ќе ја отслика текстурата на подлогата. Затоа, доколку се работи за локално санирање на подлогата, која треба да се обои со Адингколор Ф, тогаш треба да се очекува дека разликата во обработките на подлогата ќе остане видлива.
Пред нанесување на фасадната боја, површината треба да се прајмерира со подлога од Прајмер В. Нанесувањето е со четка, валјак или со распрскување. Температурата на подлогата треба да биде од +5°C до +35°C. Нанесувањето на Адингколор Ф, при температура од 20°C и релативно ниска влажност на воздухот, е по 30 минути од нанесувањето на Прајмер В.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Адингколор-Ф, се нанесува во два или повеќе слоеви. Вградувањето може да се изведе со четка, ваљак или со распрскување. За нанесување на првиот слој, количината од материјалот, која е наменета за овој слој, се раствора со додавање на вода до 15%, по што смесата бавно се меша до воедначување (хомогенизација). За нанесување на вториот слој, разредувањето со вода е до 10%. Нанесувањето на вториот слој е по целосно сушење на првиот слој, а временскиот период помеѓу слоевите на температура од 20°C и влажност на воздухот од 65% е 4-6 часа. Обработените површини треба да се заштитат од сонце, силен провев, дожд и прашина во период од 24 часа по вградувањето. Заштитата на површините е со завеси. При нанесување на тонирана боја, потребно е пред нанесувањето, целата количина на материјал да се воедначи во еден голем сад, а потоа да се нанесува на ѕидната површина. Поради тоа, препорачуваме потребната количина на материјал за целата позиција, да се порача одеднаш, според просечната потрошувачка на материјал, дадена во овој технички проспект. Доколку количината на материјал за нанесување е прилично голема за хомогенизирање во еден сад, тогаш препорачуваме прво да се замешаат три пакувања во еден сад, а потоа, со секе намалување на количината за една третина да се додаде ново пакување во смесата. По секое додавање на ново пакување, смесата се воедначува со бавно мешање. Корегирање на тониранaта боја во текот на изведбата, со пигменти, разредување и слично, не е дозволено.

## ОДРЖУВАЊЕ

Површините обработени со Адингколор Ф не бараат посебно одржување. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои се механички врзани за обработката, можат да се одстранат со метла, правосмукалка или со вода. Прашината и нечистотиите на фасадата, кои се механички и хемиски врзани за обработката, можат да се одстранат со нежно триење на површината со мокра крпа или лесни детергенти, а потоа позицијата треба да се измие со чиста вода. Доколку постоечките флеки на фасадната површина е невозможно да се одстранат на наведените начини, тогаш е потребно пребојување на површината, каде се наоѓаат флеките. Пред нанесувањето на новата боја, неопходно е претходно прајмерирање на подлогата со Прајмер В. Мрсните флеки е потребно претходно темелно да се отстранат, пред прајмерирање на подлогата и обработка на површината со Адингколор Ф.

## ПОТРОШУВАЧКА

Во зависност од површината на која се нанесува
Прајмер В – 0.15-0.25kg/m²
Адингколор Ф, за два слоја – 0,4-0,5kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Прајмер В: пластични канти од 1, 5 и 20kg
Адингколор Ф: пластични канти од 1, 5 и 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории , на температура од +5°C до +30°C и заштитен од директно сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

Бела и транспаретна база за тонирање во 250 бои од стандардната тон карта на АДИНГ.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, тие треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингколор Ф е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингколор Ф се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна заштитна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk